**20141665156**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнува-ње на Законот за еднакви можности на жените и мажите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 ноември 2014 година.

Бр. 07– 4223/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

Член 1

Во Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12) во членот 6 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за образование и наука го пропишува начинот на вршење на анализата од став (4) на овој член.“

Член 2

Во членот 8 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на годишниот извештај од став (4) на овој член и начинот на спроведување на планот за имплементација од ставот (3) на овој член .“

Член 3

Во членот 11 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (8) на овој член,.“

Член 4

Во членот 14 став (7) по зборот „ координатор“ се додаваат зборовите: „и заменик координатор.“

Член 5

Во член 15 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на извештајот од став (1) на овој член.“

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.